ФОНД
ЗА ИНОВАЦИИ
И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

# ПРЕДЛОГ - ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА

**Скопје, декември 2017 г.**

**СОДРЖИНА**


1. ВОВЕД ... 3
2. ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ДЕТАЛИ ... 3
3. ДЕЈНОСТ НА ФОНДОТ ... 4
   - 3.1. Програма (План) за економски раст ... 6
   - 3.2. Проект за развој на вештини и иновации ... 6
4. ИНСТРУМЕНТИ НА ФОНДОТ ... 7
   - 4.1. Инструмент за поддршка - кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф ... 8
   - 4.2. Инструмент за поддршка - кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации ... 8
   - 4.3. Инструмент за поддршка - кофинансирани грантови за трансфер на технологии ... 9
   - 4.4. Инструмент за воспоставување, работа и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори ... 9
   - 4.5. Нови инструменти за поддршка ... 10
5. РЕГУЛАТОРНА И РЕФОРМА НА ЕКОСИСТЕМОТ ... 12
   - 5.2. Нови субјекти за инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност ... 13
6. ПАРТНЕРИ ... 14
   - 6.1. Партнерство со домашни институции и организации ... 14
   - 6.2. Активности што ќе се реализираат во соработка со меѓународни партнери ... 15
   - 6.3. Комуникација со јавноста ... 15
7. ПРИСТАП ЗА МОБИЛИЗАЦИЈА НА РЕСУРСИ ... 16
8. ОРГАНИЗАЦИЈА ... 16
   - 8.1. Постојна организациска структура ... 16
   - 8.2. Предложени измени во организациска структура ... 17
   - 8.3. Управување ... 18
9. СИСТЕМИ И ПРОЦЕСИ ... 18
10. НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНКА ... 19
11. ЗАКЛУЧОК ... 19
12. ЗАВРШНА ОДРЕДБА ... 20

Врз основа на член 30 став 6 алинеја 4 и член 34 став 1 алинеја 10 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015, 6/2016, 53/16 и 190/2016) и член 20 став 2 алинеја 4 од Статутот на Фондот за иновации и технолошки развој, Управниот одбор на Фондот, на предлог на директорот на Фондот, на седницата одржана на 28.12.2017 година донесе

# ПРЕДЛОГ - ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст: „Фондот“) е правно лице основано според Закон за иновациска дејност.

Фондот има за цел промовирање и поттикнување на иновациска дејност, подобрен пристап до финансиски услуги за иновации, развиена инфраструктура за иновации и технолошки развој и развој на партнерства. Фондот ги поттикнува иновациите и нивното вклучување во главните текови, преку безбедување на дополнителни извори за финансирање на иновациите, бидејќи се верува дека потребно е да се изгради конкурентна економија основана на знаење. Фондот ги остварува целите преку следните инструменти на кофинансирани грантови за старт-ап, спин-оф трговски друштва и иновации, кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, кофинансирани грантови за технолошка екстензија, кофинансирани грантови за воспоставување, работа и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори, еквити и мезанин инвестиции и техничка помош. Фондот преку исполнувањето на својата цел придонесува за забрзан технолошки развој кој се темели на трансфер на знаења, развојни истражувањаи иновации кои придонесуваат за економски раст и развој, но и подобрување на деловната клима за развој на конкурентска способност на претпријатијата.

Годишната програма за работа за 2018 година е насочена кон постигнување на целите кои се дефинирани во Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година, Акцискиот план на Стратегијата за иновации за периодот од 2016-2018 година и Правилниците за финансиските инструменти на Фондот и Договорот за заем од Светска банка.

## 2. ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ДЕТАЛИ

Фондот е регистриран во Централен Регистар на Република Македонија со решение број 30120130043573 од 16.12.2013 година и матичен број 6920098.

Органи на управување на Фондот се: Управен одбор, Комитет за одобрување на инвестиции и Директор.

Согласно Решението за именување членови на Управен одбор на Фондот за иновации и технолошки развој број 24-4882/1, донесено од Владата на Република Македонија на ден 03.08.2017 година, **Управниот одбор** го сочинуваат:

1. Моника Јованова – дипломиран преведувач и толкувач од македонски на албански јазик и обратно - претседател
2. Дафина Гешоска – дипломиран економист
3. Бранко Ничота – дипломиран инженер по електротехника и телекомуникации
4. Димитрија Анѓелковски – дипломиран економист
5. Весна Милетиќ – дипломиран професор по одделенска настава
6. Цанка Чолакова Мичовска – дипломиран економист

Согласно Решението за именување членови и определување претседател на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој број 44-7479/1, донесено од Владата на Република Македонија на ден 28.11.2017 година, **Комитетот за одобрување на инвестиции** го сочинуваат 5 члена и тоа:

1. Кларис Бехар Молад - Доктор на науки по глобален бизнис менаџмент - претседател
2. Дон Левис - Магистер по бизнис и администрација
3. Никос Георгоулас - Магистер по бизнис и администрација и финансии
4. Глигор Ташковиќ - Магистер по бизнис и администрација
5. Ави Сах - Магистер по бизнис и администрација.

## 3. ДЕЈНОСТ НА ФОНДОТ

Основните задачи на Фондот се следните:

- финансирање, подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на спроведувањето на иновациската политика;
- професионални и други работи во врска со прибавување на средства во Фондот, управување со тие средства и нивно користење;
- посредување во врска со финансирањето на иновациската дејност од средства на меѓународни организации, финансиски институции и тела, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на науката и технологијата согласно со приоритетите утврдени во стратегијата за иновации;
- водење на база на податоци за корисниците на средствата доделени од Фондот, идентификациски податоци за субјектите на кои им се одобрени средства, програмите, проектите и другите активности во областа на иновациската дејност кои Фондот ги финансира, како и потребните и достапните финансиски средства за нивна реализација;
- поттикнување и создавање соработка со меѓународни и домашни финансиски институции и други правни и физички лица, поради финансирање на иновациската дејност, во согласност со иновациската политика и други стратешки планови и програми, како и со ратификувани меѓународни договори;

- избирање друштво за управување со приватни фондови преку јавен повик, кој ќе управува со средствата на Фондот наменети за реализација за инструментите за еквити и мезанин инвестиции
- основање на Фонд за еквити и мезанин инвестиции и донесување на статут и проспект на Фондот за еквити и мезанин инвестиции
- вложување на почетен капитал за формирање на приватен фонд и
- следење и евалуација на проектите за кои има доделено средства, со цел развивање на претприемачко општество во Република Македонија.

Фондот своите задачи ги исполнува преку доделување финансиски средства за:
- обезбедување на услуги и почетен капитал за формирање и раст на трговски друштва преку доделување на финансиски средства за иновациски проекти;
- доделување на кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации;
- поттикнување на приватните инвестиции и финансирање на развојните и/или иновациските проекти во сите фази на развојот преку сопственички капитал и преку комбинација на сопственички капитал и кредити, преку обезбедување на поволни извори на кредит и гаранции за инвеститорите и
- поддршка на формирање на приватни фондови преку инвестирање на средства или гарантирање на добивка од инвестираните средства.

Фондот остварува приходи од:
- средствата од Буџетот на Република Македонија;
- средства во износ од 1% од вкупните средства од Програмата за финансиска поддршка на рурален развој;
- средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој над износот утврден во предходната, во висина на средствата утврдени во Програматаза финансиска поддршка на руралниот развој, за иновации, истражување и развој, трансфер на технологии, технолошка екстензија, деловно-технолошки акцелератори од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и рурален развој,
- донации, прилози, подароци и помош;
- приходи од комерцијализација на иновација (ројалти);
- средства стекнати по основ на продажба на удели кои фондот за еквити и мезанин инвестиции и/или приватниот фонд ги поседува во трговски друштва и други претпријатија;
- приходи остварени по основ на меѓународна билатерална и мултилатерална соработка на програми, проекти и други активности во областа на иновациската дејност;
- приходи од управување со слободните парични средства на Фондот и
- други извори, во согласност со закон.

Покрај тоа, Фондот за иновации и технолошки развој направи анализа и консултации со повеќе институционални партнери во однос на идентификување на извори на финансирање на проекти за мали и средни претпријатија, со средства што се веќе на располагање на Владата на Република Македонија. По направените консултации со Кабинетот на ЗПВРМ задолжен за економски прашања, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство,

шумарство и водостопанство и Секретаријатот за законодавство, иницирaн е процес на пренесување на надлежноста за управување и располагање со неискористените средства од Компензационите фондови од странска помош од Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје (МБПР) на Фондот за иновации и технолошки развој. Конкретно, средствата од Компензациските фондови се планира да се искористат во реализација на неколку нови иницијативи на Фондот за финансирање на микро, мали и средни претпријатија, а во рамки на Планот за економски раст на Владата (трет столб).

Како што е предвидено и во Годишниот финансиски план на Фондот за 2018 година и Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за проектот за развој на вештини и иновации, најголем дел од приходите на Фондот кои ќе бидат пласирани преку финансиските инструменти до претпријатијата, ќе бидат од заемот од Светска банка за Проектот за развој на вештини и иновации, буџетски средства обезбедени од Планот за економски раст и приходите од Програмата за рурален развој за 2018 година.

Во продолжение е прикажан дел од основните програми/проекти на Фондот, во подготовка или тек на реализација.

## 3.1. Програма (План) за економски раст

Фондот, како носител на третиот столб на економски мерки – поддршка за развој на мали и средни бизниси, а во координација со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија и Кабинетот на вицепремиерот задолжен за економски прашања, ќе продолжи со активното учество во спроведување на новиот План за економски раст на Владата. Станува збор за Предлог мерки на индустриска политика за поттикнување на инвестициите, извозот и конкурентноста на македонската економија и тоа: (а) Поддршка на МСП со тенденција на брз пораст („Газели"), (б) Посебна (дополнителна) финансиска поддршка за МСП, (в) Поддршка на МСП за подобрување на иновативноста, (г) Поддршка за стручно усовршување и пракса за нововработени млади лица и (д) Создавање на амбиент и изработка на законски основи за развој на ризичен капитал и „Бизнис ангели".

## 3.2. Проект за развој на вештини и иновации

Целта на Проектот за развој на вештини и иновации е да се подобри транспарентноста на распределувањето на ресурсите и да се унапреди отчетноста во високото образование, да се подобри релевантноста на средното техничко стручно образование и да се поддржи капацитетот за иновации во Република Македонија. Проектот го сочинуваат следните делови:

Фондот се јавува како одговорна институција во рамките на проектот и тоа во делот - Подобрување на капацитетот на иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации:

1. Градење на капацитет за Фондот за иновации и технолошки развој

Подобрување на институционалната компетенција на Фондот преку: (а) планирање и осмислување на програмите, стратегиите, операциите и постапките на Фондот; (б)

обезбедување на обука за персоналот на Фондот; (в) избор на комисија за инвестирање и рецензенти на Фондот; (г) обезбедување на обука за претпријатијата корисници на Фондот и (д) спроведување на стратегија за маркетинг и комуникации.

2. Пилот на финансиските инвестиции кои треба да ги испорача Фондот
Обезбедување на финансирање за поттикнување на иновациите преку: (а) обезбедување на грантови за иновации за финансирање на акцелератор; (б) обезбедување на грантови за иновации за финансирање на докажување на концептот на иновациите; (в) обезбедување на грантови за иновации или подзаеми за иновации за финансирање на комерцијализација на истражувањето и развојот и (г) обезбедување на грантови за иновации за финансирање на активности за развој на технологии и апсорпција на технологии за нови односно подобрени технологии, производи и процеси.

Иновациските потпроекти ќе се избираат, проценуваат, спроведуваат и оценуваат во согласност со принципите, постапките и условите наведени во Оперативниот прирачник за проектот, Оперативниот прирачник за инструментите на Фондот, Насоките за набавки и консултанти, Насоките за спречување на корупција, Правилникот за управување со животна средина и сите важечки Планови за управување со животната средина. Грантовите и заемите ќе бидат деноминирани во македонски денари. При оценката на предлог проектите ќе бидат ангажирани и надворешни експерти.
Одговорна институција: Фонд за иновации и технолошки развој.

Корисници на средствата од заемот се: Министерството за образование и наука и Фондот за иновации и технолошки развој (9.159.750 евра).

## 4. ИНСТРУМЕНТИ НА ФОНДОТ

Средствата на Фондот ќе се користат за финансирање на иновациската дејност преку четири инструменти за поддршка со кои ќе се обезбедат средства наменети за поттикнување на иновативноста кај претпријатијата, и тоа:

1. Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф;
2. Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации;
3. Кофинансирани грантови за технолошка екстензија;
4. Кофинансирани грантови за воспоставување, работа и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори.

Како активност комплементарна на горенаведените инструменти, со цел обезбедување обука за јакнење на капацитетите на Фондот како и за јакнење на капацитетите на претпријатијата за аплицирање и користење на средствата, Фондот ќе врши и обуки, работилници, настани и едукации.

Предвидено е Фондот во текот на 2018 година да објави повици за сите четири инструменти. Со цел зголемување на искористеноста на средствата предвидено е воведување нов пристап со проширени критериуми, поедноставување на условите за аплицирање и нови

механизми на финансирање на развојот на компаниите. Постојните инструменти ќе се направат поатрактивни со отворање кон малите и средните компании кои досега биле исклучени од можностите за користење на средства. Со тоа ќе се привлечат поголеми проекти, со поголемо влијание и резултати.

Нова иницијатива: Пилотирање на инструментите за поддршка Кофинансирани грантови за технолошка екстензија и Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори.

## 4.1. Инструмент за поддршка - кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф

Инструментот има цел да го поттикне нивото на иновативност преку обезбедување на неопходната финансиска поддршка за активности на истражување и развој на „старт-ап" и „спин-оф" претпријатија. Со овој инструмент се очекува да се поттикне културата на преземање ризик и иновативност, и да се обезбеди поддршка за претпријатијата кои сакаат да развијат нов или подобрен производ, процес, услуга итн.

Инструментот кофинансирани грантови за старт-ап, спин–оф претпријатија и иновации ќе обезбеди финансирање до максимум 85% од вкупниот буџет за проектот, до максимален износ од 30.000 Евра. Преостанатите 15% од вкупниот буџет за проектот, треба да бидат обезбедени од подносителот на барањето за финансирање.

За доделување на средства по основа на овој инструмент може да учествуваат сите претпријатија од сите дејности без ограничување по одделни индустрии.

Проектите во рамките на инструментот кофинансирани грантови за старт-ап, спин-оф претпријатија и иновации ќе траат 12 месеци, со можност за продолжување за најмногу 6 месеци.

## 4.2. Инструмент за поддршка - кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации

Целта на овој Инструмент е да поттикне зголемување на истражувањето и развојот во приватниот сектор и да охрабри различни форми на соработка за комерцијализација на иновации. Поддршката преку овој инструмент ќе биде доделена на проекти со јасна комерцијална цел кои се во фаза на прототип (или соодветна фаза во зависност од видот на иновативниот производ, услуга, процес) сè до преткомерцијална (претпазарна) фаза.

Инструментот е отворен за микро, мали и средни претпријатија (од сите сектори) што сакаат да развијат иновативен производ, услуга или процес, сами или во соработка со друго претпријатие или установа која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност.

Финансирањето од овој инструмент може да биде во форма на грант или во форма на условен заем, во зависност од големината на барателот. Финансирањето во форма на условен заем подразбира иницијално доделување на средства на претпријатијата во форма на заем, со

можност доколку претпријатието исполни определени услови, дел или целиот износ од заемот да биде конвертиран во грант.

Инструментот кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации ќе обезбеди финансирање до максимум 70% од вкупниот буџет за проектот, до максимален износ од 100.000 евра. Преостанатите 30% од вкупниот буџет за проектот, треба да бидат обезбедени од подносителот на барањето за финансирање. Проектите во рамките на Инструментот кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации ќе траат 24 месеци, со можност за продолжување за 12 месеци.

Нова иницијатива: Проширување на критериумите за учество (овозможување на пристап до средства и на мали и средни претпријатија со над 1 милион евра годишен приход) и зголемување на лимитот за финансирање до 200.000 евра.

### 4.3. Инструмент за поддршка - кофинансирани грантови за технолошка екстензија

Целта на овој Инструмент е да се поттикне трансфер и имплементација на нови иновативни и подобрени технологии, know-how и технолошки процеси и да се охрабрат различни форми на соработка помеѓу микро, малите и средни претпријатија, бизнис здруженија, кластери и/или стопански комори, со цел да се постигне позитивно влијание на секторот. Инструментот се фокусира на примена и приспособување на технологија и иновациии кои не се нови во светот, но може да бидат нови за земјата или нови во секторот. Ова, во крајна линија, ќе ги подобри технолошките капацитети на постоечките индустрии и бизниси со надминување на јазот помеѓу знаењето веќе достапно на глобално ниво или на национално ниво и во локалните индустрии.

Овој инструмент се очекува да има долгорочен позитивен придонес кон развојот на националната економија и подобрување на конкурентноста преку технолошки и оперативни подобрувања.

Инструментот ќе обезбеди финансирање до максимум 50% од вкупниот буџет за проектот, до максимален износ од 200.000 евра. Преостанатите 50% од вкупниот буџет за проектот, треба да бидат обезбедени од подносителот на барањето за кофинансирање. Проектите во рамките на Инструментот ќе траат 24 месеци со можност за продолжување за најмногу 12 месеци.

Нова иницијатива: Зголемување на лимитот за финансирање до 400.000 евра.

### 4.4. Инструмент за воспоставување, работа и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори

Фондот ќе поддржува деловно-технолошки акцелератори, субјекти за давање инфраструктурна поддршка на иновациската дејност според Законот за иновациска дејност, со цел акцелерација на претприемништвото преку поддршка на старт ап претпријатија.

Акцелераторот освен техничка и логистичка помош може да обезбедува и обуки, менторство и финансиска помош.

Фондот ќе финансира до 75% од вкупниот буџет на проектот. Останатите 25% треба да бидат обезбедени од страна на барателот. Максималниот износ кој ќе биде финансиран од страна на Фондот за поддршка на акцелератори изнесува 500.000 евра по корисник.

Средствата за исплатите за сите четири инструменти ќе бидат обезбедени од заемот на Светската банка, приходите од Програмата за рурален развој и од Основен буџет на Фондот.

Нови иницијативи: На почетокот од 2018 година Фондот ќе го финализира процесот на основање на Фонд за еквити и мезанин инвестиции како практичен механизам на директна поддршка на развој на компаниите, со кој е предвидено да управува друштво за управување со приватни фондови, под услови и на начин утврдени во Законот за инвестициски фондови. Со основањето на Фондот за еквити и мезанин инвестиции се предвидува доделување на средства на проектна основа, при што Фондот ќе стане дел од сопственичката структура на фирмата корисник. При успешна реализација на инвестицијата, Фондот својот удел го нуди на пазарот и/или назад на доминантниот сопственик, со што остварува поврат на основното вложување и очекувана капитална добивка, што потоа се ре-инвестира во нови проекти и компании.

Во 2018 година, **Комитетот за одобрување на инвестиции** ќе ја заврши постапката на селекција на предлог-проектите од четвртиот повик по инструментите Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации.

Планирано е финалната одлука за финансирање на предлог-проектите да биде донесена до крајот на јануари, по претходно разгледување, евалуација и презентирање (пичинзи) на предлог проектите пред членовите на Комитетот. Непосредно, по донесувањето на финалната одлука за финансирање Фондот ќе пристапи кон склучување на договори со потенцијалните корисници.

## 4.5. Нови инструменти за поддршка

Фондот покрај постојните инструменти, ќе развива и други инструменти за поддршка на целната група, во насока на поттикнување на иновациската дејност и технолошкиот развој. Во 2018 година ќе се направи анализа на состојбите, ќе се дизајнираат и ќе се развиваат нови инструменти и тоа: (а) Примена на иновации во јавниот сектор; (б) Воведување на Иновации и технолошки развој во руралниот развој и (в) Техничка помош за потенцијални апликанти.

- **Инструмент за примена на иновации во јавниот сектор**

Фондот развива нов инструмент – Примена на иновации во јавниот сектор. Со овој инструмент ќе се поттикне поголемо вклучување на домашните компани, со иновативна култура и капацитет, во обезбедување на потребите на јавниот сектор и општеството. Инструментот ќе финансира развој на иновативни продукти и услуги за конкретна потреба на јавниот сектор. Со самиот процес на аплицирање за средства, на компаниите на компетитивна основа ќе им се обезбедат финансиски средства за развој на нов продукт или услуга. Со вклучување на јавниот сектор како краен корисник, овие компании ќе добијат значително проширување на пазарот. Придобивка за јавниот сектор (и Буџетот на РМ) е што новиот продукт или услуга ќе може да се купи односно изнајми по цена што се очекува да биде значително под нивото што би се постигнало при „традиционална“ постапка за јавна набавка.

Фондот веќе го пилотира овој инструмент преку иновациски натпревари за изнаоѓање на технолошко решение за намалување на загадувањето на воздухот – О2 Предизвик, организиран во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Предизвикот за млади истражувачи - Јавен повик за финансирање на истражувачки проекти во основните и средните училишта, организиран во соработка со Министерството за образование и наука. Фондот, во текот на јануари ќе изврши селекција на предлог-проектите по О2 – предизвикот и по претходна презентација (пичинг) на истите пред Комисијата за оценување и избор на предлог – проекти и по донесување на финална одлука за финансирање на предлог-проектите од нејзина страна, ќе пристапи кон склучување на Договори со потенцијалните корисници на наградата. Исто така, во втората половина на февруари ќе се врши селекција на предлог - проектите по Предизвикот за млади истражувачи и до крајот на февруари ќе биде донесена финална одлука за финансирање, по што ќе се склучуваат Договори со потенцијалните корисници на наградата.

Фондот ќе ја задржи праксата и во 2018 година ќе продолжи со континуитетот на организирање и реализација на ваков тип на јавни повици за предизвици (натпревари). Во таа насока планирано е да се организираат и реализираат предизвици за финансирање на проекти и тоа: Јавнен повик за финансирање на проекти за иновативни наставни помагала (во соработка со Министерството за образование и наука), Јавен повик за финансирање на проекти за социјално претприемништво „Предизвик за иновативно решение за обезбедување #Оброк за сите“ (во соработка со Министерството за труд и социјална политика) и други предизвици од ваков тип, од кои дел од нив, исто така, би се спроведувале во соработка со партнерски институции, организации и експерти.

Фондот, со цел поуспешна развивање и реализација на овој инструмент, ќе иницира и соработка со меѓународни институции. Во таа насока ќе се оствари соработка со УНИЦЕФ во воспоставување на модел на социјално претпријатие преку основање и работење со иновативни лаборатории. Исто така потенцијалната сорабтка би се проширила во насока на изработката на студија за воведување на концепт за искористување на научното однесување за да се подобрат перформансите на јавниот сектор. Понатаму, во соработка со УНИЦЕФ и Британската амбасада би се развивал во областа на образовани ресурси во насока на развивање на наставни помагала за подобрување на квалиетот и пристапот во образованието.

- **Инструмент за воведување на иновации и технолошки развој во руралниот развој**

Нова иницијатива: Во рамките на Други средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој над износот од 1% од вкупните средства од истата, а согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, за иновации, истражување и развој, трансфер на технологии, технолошка екстензија, деловно-технолошки акцелератори од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и рурален развој за 2018 година, Фондот ќе развива нов инструмент **Воведување на иновации и технолошки развој во руралниот развој**. Целта на новиот инструмент е поттикнување и поддршка на иновациите во руралниот развој.

- **Техничка помош за потенцијалните апликанти**

Под овој инструмент Фондот планира да го развива во насока на нудење на техничка на потенцијалните апликанти. Замислата е, преку ваквиот тип на помош, да им се помогне на потенцијалните апликанти во изготвување и подобрување на квалитетот на нивните апликациите.

Дополнително, Фондот во 2018г. ќе работи на реализација и на следните проекти:

- **Мапирање на иновациски екосистем**

Врз основа на добиениот проект „Канвас за иновации: Чекор напред за зајакнување на националниот екосистем за иновации" финансиран од страна на Делегација на Европска Унија во Скопје, избраната Компанија треба да направи две физибилити студии. Првата студија ќе се однесува на дизајнирање и имплементација на инструменти за иновациона политика, а втората ќе се однесува на дизајнирање на техничка помош за зајакнување на развојот на истражувачки активности во приватниот сектор.

Покрај Фондот, кој се јавува како директен корисник на овие услуги, како индиректни корисници се јавуваат: Министерство за образование и наука, Министерство за економија, Агенција за промоција на претприемништво, Центрите за развој на плански региони, Локалната самоуправа, Коморите, микро, мали и средни претпријатија, високообразовните институции, како и субјектите кои нудат поддршка на старт-ап компаниите и мали и средни претпријатија (бизнис инкубатори, акцелератори, хабови итн.).

- **Проект за мобилизација на мрежа на поддржувачи**

Фондот во 2018 година е планирано да продолжи со анализа и подготовка на проект за **мобилизација на мрежа на поддржувачи** низ светските старт-ап центри која ќе придонесе до поврзување на македонските старт-апи со компаниите, потенцијалните партнери, инвеститорите и експертите од најразвиените старт-ап центри во светот. Идејата е да се искористат ресурсите на Македонците кои живеат во веќе добро воспоставени и силни претприемачки заедници, со цел да се помогне во развојот на македонскиот екосистем.

## 5. РЕГУЛАТОРНА И РЕФОРМА НА ЕКОСИСТЕМОТ

Се предвидува подобрување на регулаторната рамка преку промоција на новини во регулативата и усвојување на подзаконски акти за воведување на новите инструменти за поддршка. Фондот ќе направи и измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот.

Ќе се иницираат и соодветни интервенции во (новиот) Закон за јавни набавки со цел воведување на концептот Јавни набавки за иновации во Република Македонија. Воедно, предвидено е изработка на функционална анализа за постојните институции што обезбедуваат финансиска поддршка за развој на мали и средни претпријатија, а со цел креирање на ефикасен модел на организација преку окрупнување. Партнер за реализација на активноста е Светската банка, а институции што треба да се вклучат во процесот се Агенцијата за поддршка на претприемништво, Македонската банка за поддршка на развој, Државниот завод за индустриска сопственост и останати (релевантни за анализата).

Фондот во 2018 година ќе ја заокружи рамката за функционирање на Фонд за еквити и мезанин инвестиции и ќе пристапи кон изготвување на подзаконски акти за работењето на истиот. Ќе се донесе Статутот на Фондот за еквити и мезанин инвестиции со кој ќе се уреди се уредува неговото работење, правната положба на сопствениците на документите за удел, правните односи на Фондот за еквити и мезанин инвестиции со друштвото за управување, како и други прашања од интерес за остварување на целите на Фондот за еквити и мезанин инвестиции. Фондот ќе донесе и Проспект на Фондот за еквити и мезанин инвестиции кој ќе содржи детални информации и податоци за целите и политиката, како и други информации што се однесуваат на Фондот за еквити и мезанин инвестиции, а што можат да влијаат на одлуката на вложувачите за вложување.

### 5.2. Нови субјекти за инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност

Субјекти за давање на инфраструктурна поддршка за вршење на иновациската дејност се:

- деловно-технолошки акцелератор,
- научно-технолошки парк,
- субјект за поттикнување на иновациските активности во приоритетните области од науката и технологијата и центар за трансфер на технологии
- Национална канцеларија за трансфер на технологии

- **Објавување на повик за финансирање на активност: отварање на Деловно-технолошки акцелератор**

Фондот во 2018 година планира да отвори ЈАвен повик за финансирање на активност: отварање на Деловно-технолошки акцелератор, кој како субјект за давање на инфраструктурна поддршка на иновациска дејност го забрзува успешниот раст на старт-ап претпријатијата во нивната рана фаза на развој преку обезбедување на старт ап претпријатија со низа на потребни ресурси и услуги, а пред се преку инвестирање и стекнување на сопственост во истите, со цел раст на старт- ап претпријатијата на национално или глобално ниво.

- **Продолжување на подготовките за отворање на Научно – технолошки парк**

Научно - технолошки парк е субјект за давање на инфраструктурална поддршка на иновациската дејност кој во рамките на просторот со кој располага, овозможува инфраструктурни и стручни услуги на субјектите на иновациската дејност, со цел за нивно поврзување, создавање и што побрза примена на нови технологии, создавања и пласман на нови производи, процеси и услуги на пазарот. Обезбедена е поддршка од страна на Европска Комисија за изработка на студија на изводливост. Во рамки на подготовките ќе се реализира и проценка на потенцијалот за истражување и развој на универзитетите на Република Македонија (стручен кадар и опрема), која би се подготвувала во соработка со Министерството за образование и наука. Во прв квартал на 2018 планирано е да се презентира концептот за работа на научно – технолошкиот парк пред сите потенцијални партнери (stakeholders).

- **Формирање на Национална канцеларија за трансфер на технологии (НТТО)**

Во 2018 година предвидено е да се формира Национална канцеларија за трансфер на технологии. Главната цел за отварањето на Националната канцеларија е поврзувањето на секторот за високо образование со индустријата и промовирање на иновативните активности на истражувањата и компаниите. Националната канцеларија ќе врши трансфер на технологии и други услуги во врска со раководење со договори за истражувања, поттикнување на соработка меѓу универзитетите и индустријата, поддршка на универзитетите и индустријата за активности поврзани со технологии и интелектуална сопственост.

## 6. ПАРТНЕРИ

### 6.1. Партнерство со домашни институции и организации

Фондот континуирано ќе ги одржува и ќе развива нови партнерства со повеќе клучни институции и организации кои делуваат во МСП секторот и во секторот на иновации, истражување и развој преку организација на информативни настани, учество на конференции, работилници, дебати и други активности.

Фондот ќе ја продолжи соработката со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија и Кабинетот на ЗПВРМ задолжен за економски прашања во насока на спроведување на Планот за економски раст на Владата на Република Македонија.

Во соработка со Министерството за образование и наука ќе организира и реализира предизвик за финансирање на проекти и тоа: Јавнен повик за финансирање на проекти за Наиновативни наставни помагала, како и, во соработка со Министерството за труд и социјална политика ќе реализира Јавен повик за финансирање на проекти за социјално претприемништво „Предизвик за иновативно решение за обезбедување #Оброк за сите".

Фондот, во 2018 година, планира да иницира соработка со надлежни институции за анализа и подготовка на стратегија Смарт специјализација. Станува збор за дефинирање на

приоритетни области на национално и/или регионално ниво во кои, преку иновативни стратегии би се развивале компетитивните вредности.

## 6.2. Активности што ќе се реализираат во соработка со меѓународни партнери

Фондот воспоставува и ќе развива соработка и со меѓународни институции, како што се: Светска банка, Европска комисија, УСАИД, УНИЦЕФ и други за мобилизација на финансиски средства за постигнување на дефинираните цели.

Фондот ќе ја продолжи соработката со Светска банка во насока на градење и зголемување на капацтетите на Фондот, особено во делот на мониторинг на финансираните проекти, како и во делот на спроведување на стратегија за маркетинг и комуникации со цел поттикнување и зголемување на свеста за потребата од иновации и развој на истражувачки активности во приватниот сектор.

Ќе се воспостави соработка со Британска амбасада во насока на изработка на студија за воведување на концептот за воведување и реализација на новини во делот на јавните набавки (**Јавни набавки за иновации) во Република Македонија, со воведување на задолжителен % што ќе се намени за иновативни производи и услуги.** Главна цел е, преку измена на постоечката регулатива и зголемувањето на капацитетите на Фондот, да се придонесе до зголемување на квалитетот на јавните услуги и зголемување на конкурентноста на националната економија, со што би се доближиле до современите општества каде севкупниот раст се базира на знаења и идеи. Понатаму, реализацијата на соработката со Британска амбасада би продолжила во рамките на проект за зголемување на транспарентноста на институциите, како и во областите кои опфаќаат развој на приватниот сектор (потреба од иновативни решенија во приватниот сектор), образовни ресурси и отворени податоци (користење и комерцијализација на јавни податоци).

Фондот ќе реализира соработка и со Шведската агенција за меѓународна развојна соработка во делот на градење на капацитет и зголемување на свеста за иновациите и технолошкиот развој.

## 6.3. Комуникација со јавноста

Информативни и промотивни материјали, односи со медиуми и организирање настани се планирани активности во делот на односи со јавноста во 2018 година. Како **информативени промотивен материјал,** планирано е да се публикуваат брошури во електронска верзија и/или печатена верзија со информации за одделните инструменти за поддршка на Фондот, како и нивно поставување на веб страната на Фондот.

Во 2018 година Фондот ќе продолжи со организација на **настани, конференции, инфо-сесии и работилници** со цел приближување на условите за поднесување апликации до потенцијалните корисници и подигање на свеста за претприемништвото и иновациите, политиките за иновации на ЕУ (Хоризонт 2020, Western Balkan Enterprise Development and

Innovation Facility - WB EDIF и др.). Фондот исто така ќе учествува и поддржува настани организирани од други организации, на национални и меѓународни конференции.

Особено внимание ќе се посветува на **комуникација со медиумите**, така што Фондот ќе ги вклучи медиумите на сите настани кои ги организира. Со прес-соопштенија медиумите ќе бидат известувани за инструментите за поддршка, за дел од активностите ќе бидат организирани и прес-конференции или брифинзи. На веб страната на Фондот ќе се продолжи со континуираното информирање за сите настани организирани од страна на Фондот или настани во кои тој е вклучен како и информации за одделните инструменти за поддршка и актуелни повици.

## 7. ПРИСТАП ЗА МОБИЛИЗАЦИЈА НА РЕСУРСИ

Фондот ќе бара други расположливи можности за финансирање на своите активности. Фондот ќе воспостави соработка и со слични институции за поддршка на иновации во странство меѓу другото со цел формирање на конзорциуми за учество на европски и други проекти. За оваа намена во Фондот е предвидено посебно Одделение за подготовка на програми со делокруг на работа кој опфаќа и меѓународна соработка и финансирање. Ќе се истражуваат можностите за **финансирање од Европската Унија преку Инструментите за претпристапна помош (ИПА 2) и меѓународни фондови.**

Исто така, Фондот ќе ги следи повиците во рамките на програмата Хоризонт 2020 како и можностите за апликација до други билатерални и мултилатерални донатори.

## 8. ОРГАНИЗАЦИЈА

### 8.1. Постојна организациска структура

Со цел врз основа на функционален принцип да се обезбеди извршување на сродните и меѓусебно поврзани работи во Фондот, основани се следните организациски делови:

- Сектор за програмски активности
- Сектор за општи и правни работи и финансии.

Во продолжение е презентирана организациската структура на Фондот:

**ОРГАНОГРАМ НА ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**




Дополнително во рамки на Проектот за развој на вештини и иновации во 2018 година од страна на Министерство за образование и наука ќе бидат ангажирани стручни лица за потребите на Фондот. Активностите на Фондот се тесно поврзани со бројот и структурата на вработените и побарува доволно средства за следење и оценка на многу важни стручни, правни и економски прашања. Вработените на Фондот ќе се усовршуваат преку обуки, студиски посети на слични институции во странство, семинари, конференции, работни групи, работилници, разни курсеви, како и со ангажирање на консултанти во Фондот.

Обуките на вработените на Фондот ќе бидат во следните области: основање на претпријатија, комерцијализација, промоција и осмислување на финансиските инструменти (вклучително грантови и прибирање на ризичен капитал) со цел финансирање на иновативни активности, спроведување на детални анализи за развој на технологија во рани фази, трансфер на технологии, управување со проектен циклус, евалуација на проекти и претпријатија и др.

## 8.2. Предложени измени во организациска структура

Во текот на 2018 година предвидено е да се донесе нов акт за измена на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот во насока на:

- зајакнување на функциите развој и реализација на програми; мониторинг (следење) на договори; комуникација со јавност/компании потенцијални корисници
- формирање (одделение за поддршка на) Национална канцеларија за трансфер на технологии како посебна организациона единица (проектна единица) во рамките на Фондот

За реализација на зајакнување на капацитетот обезбедени се средства во Буџетот за 2018г, како и средства од техничката помош во рамки на Проектот за развој на вештини и иновации.

### 8.3. Управување

Во делокругот на работа на **Управниот одбор** за 2018 година планирано е да се донесат: Годишната програма за работа и Годишниот финансиски план за 2018 година за Фондот и други документи согласно Статутот и општите акти на Фондот, да се донесе Планот за јавни набавки за 2018 година, правилници за нови инструменти и друго.

**Комитетот за одобрување на инвестиции** во 2018 година ќе ја заврши постапката на селекција на предлог проектите од четвртиот повик по инструментите Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации, односно ќе ги разгледа, евалуира и по реализирањето на пичинзите од страна на апликантите ќе донесе финална одлука за финансирање.

Покрај тоа планирано е Комитетот да одлучува за доделување на средства за јавните повици по инструментите и по барања од корисници за позначајни измени на проекти, промени во сопственичка структура и други активности кои се во надлежност на Комитетот.

## 9. СИСТЕМИ И ПРОЦЕСИ

За операциите кои се извршуваат во Фондот во 2018 година ќе се одржуваат соодветни системи и опишани процеси. Ќе се одржува систем за водење на базата на податоци за корисниците на инструментите од Фондот  и други системи согласно препораките на Светска банка. Во рамки на Проектот за развој на вештини и иновации на Светска банка предвидена е поддршка за развој и оддржување на оперативната инфраструктура на Фондот, вклучително и на информациско-комуникациски технологии за секојдневно управување со проектот, ќе се одржува системот за финансиски менаџмент, сметководствени активности и известување, активности поврзани со регистрација на корисниците, активности поврзани со поднесување на барања и предлог проекти, активности поврзани со управување и интеграција на базата на податоци за проектите и корисниците, за оцена на барањата и предлог проектите, теренските посети и мониторинг на проекти. Во соработка со консултантот за оперативно работење Фондот ќе ги планира и осмислува програмите, стратегијата, оперативните активности и процедури.

## 10. НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНКА

Во согласност со утврдените процедури за евалуација на пристигнатите апликации, во 2018 година ќе биде спроведено следење **кај апликантите под инструментите** за кои е распишан Јавен повик, преку посета на терен, за утврдување на капацитетите и потенцијалите за спроведување на предлог-проектите доставени до Фондот. Ќе се следи и спроведувањето на проектите од корисниците исто така преку теренски посети, квартални, наративни и финансиски извештаи.

## 11. ЗАКЛУЧОК

Фондот за иновации и технолошки развој во координација со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на ЗПВРМ задолжен за економски прашања и другите економски ресори, ќе се фокусира на спроведување на новиот План за економски раст на Владата на Република Македонија.

Во тие рамки, една од непосредните цели ќе биде значително зголемување на искористеноста на постојните и новите средства преку поедноставување и проширување на правилата за аплицирање и воведување на нови механизми за финансирање. Согласно со тоа, ќе се објават повици за сите четири инструменти на Фондот, што значи дека во 2018 година за прв пат ќе биде објавен инструментот за Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори. Атрактивноста на постојните инструменти на Фондот ќе се зголеми со отварањето кон малите и средните компании и зголемување на лимитите за финансирање по проект.

По спроведената анализата на состојбите, ќе се подобри постоечката регулатива во насока на создавање на околина за развивање на нови инструменти за поддршка на МСП. Во 2018 година планирано е да биде изработена физибилити студија за мапирање на иновациски екосистем, како достигнување напредна фаза во подготовки за отварање на Научно - технолошки парк како субјект за давање на инфраструктурална поддршка на иновациската дејност.

Фондот, во 2018 година влегува со основан Фондот за еквити и мезанин инвестиции како практичен механизам на директна поддршка на развој на компаниите и ќе продолжи со подготовките за формирање на Национална канцеларија за трансфер на технологии. Истотака, континуирано ќе се одржуваат постојните и ќе се развиваат нови партнерства со повеќе клучни домашни и меѓународни институции и организации.

Во 2018 година Фондот, со цел да ја подигне свеста за претприемништвото и иновациите и да ги приближи условите за поднесување апликации до потенцијалните

корисници, ќе продолжи со организирање на настани, конференции, инфо-сесии и работилници.

Комитетот за одобрување на инвестиции ќе ја заврши постапката на селекција на предлог-проектите од четвртиот повик по инструментите Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации. Непосредно, по донесувањето на финалната одлука за финансирање Фондот ќе пристапи кон склучување на договори со потенцијалните корисници.

## 12. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа годишна програма влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Фондот, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

**Дел. Бр.** 01-561/5
**28.12.2017 година, Скопје**

**Претседател на Управен одбор**
**на Фонд за иновации и технолошки развој**
**Моника Јованова**